Врз основа на член 35 од Статутот на, УГОТУР Акционерско друштво за организирана исхрана, угостителство и туризам, агенциско работење и туризам, а во согласност со член 384 став 1 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на својата седница одржана на ден 16.05.2023 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

за избор на член на
Одбор на директори во УГОТУР АД Скопје

1. За член на Одбор на директори во УГОТУР АД Скопје се избира лицето:
   - МАЈА ВЕЛКОВА од Скопје - член

2. Мандатот на новоизбраниот член на Одбор на директори од став 1 на оваа Одлука трае до истекот на мандатот на останатите членови на Одбор на директори.
3. Се задолжува Одборот на директори со влегување во сила на оваа Одлука да одржи седница на која ќе се изврши избор на претседател и извршен член на Одборот.
4. Надомест на неизвршните членови на Одборот на директори нема да се исплатува.
5. Се овластува извршниот член на одбор на директори да ополномошти регистрационен агент да ја поднесе пријавата за упис на членовите на Одборот на директори во Трговскиот регистар.
6. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Од причини што два од досегашните членови на Одборот на директори дадоа оставки на нивните функции, а Собранието донесе одлука за Измена на статутот на друштвото со која бројот на членови на одборот се намали од 4(четири) на 3(три) члена, се јави потреба од избор на член на Одбор на директори.

Поради тоа се предлага предметната Одлука за избор на член на Одбор на директори на УГОТУР АД Скопје.

**Арх.бр.39/II-6**
**16.05.2023 година**
**Скопје**

Претседавач на Собрание
на акционери на УГОТУР АД Скопје

________________________

"УГОТУР" СКОПЈЕ